РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
07 Су.бр.11/2021-2
22.12.2021 година

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 6/2016, 98/2018, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 2/2021 на Основен суд Прилеп за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место - Судски советник, Категорија В, ниво В 1, СУД 01 01 В01 002, Судскиот администратор на Основен суд Прилеп,на ден 22.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за избор за кариерно унапредување

За работното место - Судски советник, Категорија В, ниво В 1, СУД 01 01 В01 002, се избираат кандидатите:

- Виолета Петкоска
- Елизабета Петроска

По конечноста на одлуката за избор, за избраните кандидати ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## Образложение

По добиена согласност од Судскиот буџетски совет на РСМ бр.08-910/5 од 07.12.2021 година и Известувањето на Министерството за финансии бр.18-10223/2 од 03.12.2021 година, Основниот суд Прилеп на ден 13.12.2021 година на веб страната на судот објави интерен оглас бр.2/2021 за кариерно унапредување на судски службеник, во т.2 за работно место со звање Судски советник, Категорија В, ниво В 1, СУД 01 01 В01 002.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување до Судскиот администратор на судот достави Предлог за избор на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работното место Судски советник. Како прворангирани се предлага избор на кандидатите Виолета Петкоска и Елизабета Петроска.

Согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од

три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, како и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место со звање Судски советник, Категорија В, ниво В 1 , Судскиот администратор одлучи како во изреката на оваа одлука.

Основен суд Прилеп на ден 22.12.2021 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Судски администратор,
Сашо Темелкоски

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот судски службеник има nраво на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор преку Основен суд Прилеп до Советот на судска служба.